Е - МАПАС
бр. 25

април 2018 година

## *ПРОЧИТАЈ И ТИ!*

Заради постојан увид на пензиските заштеди и транспарентност на системот, пензиските друштва до членовите и пензионираните членови на пензиските фондови со кои управуваат, еднаш годишно доставуваат извештај за пензиска заштеда во вториот или третиот столб, заедно со информација за инвестирањето на средствата. Известувањата до членовите на пензиските фондови се доставуваат во **зелен плик**.

**Што има во зелениот плик?**

Во зелениот плик има два вида извештаи:

- **Првиот извештај претставува информација за состојбата на средствата на индивидуалната сметка за пензиска заштеда.**
- **Вториот извештај содржи информации каде се инвестирани средствата на сите членови заедно со детални податоци за наплатените надоместоците и остварениот принос на пензискиот фонд.**



Следете не и на:

http://www.facebook.com/MAPAS.MK

***„Точната информација е клучна за мотивација" - Mary Ann Allison***

***„Информацијата е корисна само кога може да се разбере" - Murel Cooper***



Пензиските друштва до членовите и пензионираните членови на пензиските фондови со кои управуваат, годишните известувања за 2017 година ги доставија до **31.03.2018** година.

За едноставен и брз начин на информирање членовите имаат можност извештаите за пензиска заштеда да ги добиваат преку електронска пошта (e-mail). По барање на членот пензиското друштво му обезбедува електронски пристап до детален извештај за пензиска заштеда.

## АЖУРИРАЊЕ НА ПОДАТОЦИ

Со цел точно и навремено доставување на редовните известувања за пензиска заштеда, кои пензиските друштва ги доставуваат до своите членови, за состојбата на индивидуалната сметка, или пак други законски известувања од особена важност е личните податоци на членовите да бидат целосно точни и навремено ажурирани во Регистарот на членови. Ажурираните лични податоци ќе им овозможат на пензиските друштва навремена и редовна комуникација со нивните членови.

## АЖУРИРАЊЕ ПО ТЕЛЕФОН

Новитет во капитално финансираното пензиско осигурување е ажурирањето на податоци по телефон. Членовите на пензиските друштва може да ги ажурираат и/или коригираат податоците кои се однесуваат на **АДРЕСАТА ЗА ЖИВЕЕЊЕ ИЛИ АДРЕСАТА ЗА КОРЕСПОДЕНЦИЈА** со телефонско јавување на контакт телефоните на пензиските друштва:

-**НЛБ Нов пензиски фонд АД Скопје**, ул. Мајка Тереза бр. 1 Скопје, **тел: 02/15-500**

-**КБ Прво пензиско друштво АД Скопје**, бул. Илинден бр. 1 Скопје, **тел: 02/3243-777**



## АЖУРИРАЊЕ СО ПИСМЕНО БАРАЊЕ



За да ги ажурираат или коригираат своите податоци, членовите на пензиските друштва може да пополнат и Барање за ажурирање или корекција на лични податоци. Друштвото може да го потврди идентитетот преку лице овластено од надлежен орган на друштвото или агент со непосреден увид во лична карта/документ за лична идентификација на членот. Доколку Барањето за ажурирање или корекција на лични податоци е доставено по пошта друштвата со цел да го потврдат идентитетот остваруваат телефонски контакт со членот, при што обезбедуваат снимка од разговорот.

## АЖУРИРАЊЕ ПРЕКУ ИНТЕРНЕТ СТРАНИЦА

Членови на пензиските друштва може да ги ажурираат своите лични податоци по електронски пат со најава на интернет страниците на пензиските друштва, со корисничко име и лозинка добиена со Извештајот за пензиска заштеда. Членовите на овој начин може да ги ажурираат следните лични податоци: име, презиме, адреса на живеење, место на живеење, поштенски код, место за коресподенција, поштенски код за коресподенција, адреса за коресподенција, телефон и електронска пошта.



# ПОЈАСНУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ПЕНЗИСКА ЗАШТЕДА

## Извештај за пензиска заштеда на индивидуална сметка

Состојба на ден: 31.12.2017

Вие поседувате 377,929343 сметководствени единици, односно вкупен износ од 57.000 (денари).

57.000 (денари) = 377,929343 * 150,821843 (денари)

(Вкупен износ) (Број на сметководствени единици) (Вредност на сметководствената единица )

Претставува колку вкупно заштедени средства има членот на својата сметка на крајот на годината.
*На пр. на 31.12.2017 година поседувате 57.000 денари.*

Претставува број на сметководствени единици кои ги поседува секој член на својата сметка.
*На пр. на 31.12.2017 година членот поседува 377,929343 единици.*

Сметководствена единица претставува пропорционален дел во вкупните нето средства на пензискиот фонд.
*На пр. на 31.12.2017 година вредноста на сметководствената единица на 31.12.2017 година е 150,821843 денари.*

**ВАШАТА ПЕНЗИСКА ЗАШТЕДА Е НАМЕНЕТА ЗА ПЕНЗИЈА ОД ВТОР СТОЛБ – ЗАДОЛЖИТЕЛНО КАПИТАЛНО ФИНАНСИРАНО ПЕНЗИСКО ОСИГУРУВАЊЕ**
Супервизор на капитално финансирано пензиско осигурување е Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување (МАПАС)
www.mapas.mk тел. 02 3224 229
Контактирајте го Вашето пензиско друштво (контакт информации)

Уплати/исплати во 2017 година

| Датум на уплата / исплата | Опис | Износ |
|---|---|---|
| 05.01.2017 | П201612 | 2.000 |
| 04.02.2017 | П201701 | 2.000 |
| 05.03.2017 | П201702 | 2.000 |
| 06.04.2017 | П201703 | 2.000 |
| 04.05.2017 | П201704 | 2.000 |
| 03.06.2017 | П201705 | 2.000 |
| 07.07.2017 | П201706 | 2.000 |
| 02.08.2017 | П201707 | 2.000 |
| 04.09.2017 | П201708 | 2.000 |
| **05.10.2017** | **П201709** | **2.000** |
| 03.11.2017 | П201710 | 2.000 |
| 07.12.2017 | П201711 | 2.000 |

Претставува датум кога е извршена уплата или исплата на средства од сметката на членот.

Претставува износ на уплатен придонес.

Претставува опис на трансакцијата - уплатен придонес, корекција итн.
*На пр. П201709 означува уплатен придонес за месец септември 2017 година.*
Доколку во ова поле има *Корекција*, детално ќе биде наведен описот на корекцијата. Доколку во ова поле има *Поврат - п*, тоа означува поврат на придонеси (на пример поради погрешно уплатени средства).

*На пример на 05.10.2017 година извршена е уплата на придонес за септември 2017 година во висина од 2.000 денари.*

Графички приказна состојба на сметка со износ на 31.12.2016 год.и на 31.12. 2017 год.




Почетната состојба означува средства заштедени во претходната година, а крајната состојба претставува колку заштедени средства има на крајот на годината. *Од примерот на графичкиот приказ може да се види порастот на средствата за пензиска заштеда во текот на годината.*

Информациите за наплатените надоместоци и одредени поими за капитално финансирано пензиско осигурување (задолжително капитално финансирано пензиско осигурување, МАПАС, придонес, принос, сметководствена единица и други поими) се вклучени на втората страна од Извештајот за пензиска заштеда.

# ПОЈАСНУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИНВЕСТИЦИОНО ПОРТФОЛИО

Овој извештај содржи податоци за вредноста и учеството на средствата на пензискиот фонд кои се инвестирани во различни финансиски инструменти заклучно со 31.12.2017 година.

| ИЗДАВАЧ | НАЗИВ | Вредност во денари | % од вкупните средства |
|---|---|---|---|
| ДОМАШНИ ИНСТРУМЕНТИ | | | |
| ОБВРЗНИЦИ | | | |
| xxx......... | xxx......... | xxx......... | xxx......... |
| Р.Македонија | Обврзница за денационализација; РМДЕН08; 10 год.; 2,00%; 01/06/19 | 100.000.000 | 10,00% |
| xxx......... | xxx......... | xxx......... | xxx......... |
| ДЕПОЗИТИ | | | |
| xxx......... | xxx......... | xxx......... | xxx......... |
| СТОПАНСКА БАНКА АД СКОПЈЕ | 5,00%, 23/07/2015-23/07/2018 | 400.000.000 | 2,50% |
| xxx......... | xxx......... | xxx......... | xxx......... |
| АКЦИИ | | | |
| xxx......... | xxx......... | xxx......... | xxx......... |
| АЛКАЛОИД АД СКОПЈЕ | обични акции | 200.000.000 | 1,50% |
| xxx......... | xxx......... | xxx......... | xxx......... |
| ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ ИЗДАДЕНИ ОД ИЗДАВАЧИ СО СЕДИШТЕ ВО ЕУ И ОЕЦД | | | |
| ОБВРЗНИЦИ | | | |
| xxx......... | xxx......... | xxx......... | xxx......... |
| xxx......... | xxx......... | xxx......... | xxx......... |
| АКЦИИ | | | |
| xxx......... | xxx......... | xxx......... | xxx......... |
| COCA COLA | обични акции | 50.000.000 | 1,70% |
| GOOGLE | обични акции | 70.000.000 | 1,80% |
| xxx......... | xxx......... | xxx......... | xxx......... |
| ИНВЕСТИЦИСКИ ФОНДОВИ | | | |
| xxx......... | xxx......... | xxx......... | xxx......... |
| xxx......... | xxx......... | xxx......... | xxx......... |
| Побарувања | | | |
| Парични средства | | | |
| ВКУПНО СРЕДСТВА | | 15.000.000.000 | 100,00% |

Ова значи дека членовите поседуваат 10% од вкупните средства во обврзници за денационализација 8-ма емисија во висина од 100.000.000 денари.

Пензискиот фонд има вложено во депозити од Стопанска банка АД Скопје во висина од 400.000.000 денари т.е 2,50% од портфолиото.

Членовите поседуваат 200.000.000 денари во акции од Алкалоид АД Скопје што претставува 1,50% од вкупните средства на фондот.

Членовите на пензискиот фонд поседуваат акции од Coca Cola во висина од 50.000.000 денари како и акции од Google во висина од 70.000.000 денари.

Вкупниот имот на пензискиот фонд во дадениот пример изнесува 15.000.000.000 денари на крајот на годината за која се доставува овој извештај (31.12.2017). Секој член на пензискиот фонд поседува пропорционален дел од овој износ зависно од висината на средствата со кои располага на сметката која е доставена до него, како што е објаснето во нашиот пример, членот располага со 57.000 денари. Секој член учествува во вложувањата во овие инструменти пропорционално на своите средства.

Пензиското друштво доставува и графички прикази (пити) за структурата на портфолиото по група на инструменти и по држава, графички приказ на сметководствената единица. податоци за трансакциони провизии кои ги платиле за управувањето со средствата на пензискиот фонд, надоместоците кои ги наплатува пензиското друштво, како и остварениот принос на пензискиот фонд.

## НОВОСТИ

### *ПРОЦЕС НА ПРОДАЖБА НА АКЦИОНЕРСКИОТ КАПИТАЛ НА НЛБ НОВ ПЕНЗИСКИ ФОНД АД СКОПЈЕ*

Во врска со процесот на продажба на акционерскиот капитал на НЛБ Нов пензиски фонд АД Скопје, Советот на експерти на Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување – МАПАС на седницата одржана на 22.02.2018 година даде согласност за пренос на 100% од акциите издадени од НЛБ Нов пензиски фонд АД Скопје на Позаваровалница Сава д.д.



### *ГЛОБАЛНА НЕДЕЛА НА ПАРИТЕ*

Координациското тело на регулаторните институции за финансиска едукација во Македонија, коешто го сочинуваат Народната банка на Република Македонија, Министерството за финансии, Агенцијата за супервизија на осигурувањето, Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување и Комисијата за хартии од вредност, во соработка со Бирото за развој на образованието и Сојузот на микрофинансиски организации, ја одбележаа Глобалната недела на парите (12 март – 18 март).

## НАЈЧЕСТО ПОСТАВУВАНИ ПРАШАЊА

### *ШТО ЗНАЧИ ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ПЕНЗИСКА ЗАШТЕДА ШТО ГО ДОБИВ ВО ЗЕЛЕН ПЛИК?*

Извештајот, кој пензиските друштва Ви го доставуваат еднаш годишно, содржи информација за износот на средствата кои што ги имате на Вашата индивидуална сметка во пензискиот фонд.

### *ДАЛИ МОИТЕ СРЕДСТВА ВО ВТОРИОТ СТОЛБ СЕ СИГУРНИ?*

Постојат строги правила за инвестирање на средствата на пензиските фондови, утврдени со закон, со кои се обезбедува распределба на средствата со која се заштитуваат од евентуален пад на нивната вредност. МАПАС ја супервизира работата на друштвата на дневна основа со цел да се осигури дека друштвата ги следат тие правила. Вашите средства како дел од пензискиот фонд се целосно одвоени од средствата на пензиското друштво, се чуваат кај банката - чувар на имот и се наменети за исплата на пензија.



*Имате прашања или поплаки?*
*Јавете се во МАПАС или напишете порака на contact@mapas.mk*


МКД СЕРТИФИКАТ
МКС EN ISO 9001:2009
TÜV NORD
TÜV NORD CERT GmbH
ISO/IEC 27001

АГЕНЦИЈА ЗА СУПЕРВИЗИЈА НА КАПИТАЛНО ФИНАНСИРАНО ПЕНЗИСКО ОСИГУРУВАЊЕ (МАПАС)

Стив Наумов 100, 1000 Скопје, Република Македонија
Тел: (02) 3224 229;3166 452
www.mapas.mk